# ИЗВЕСТУВАЊЕ
# ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА РИБОЧУВАР

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр.сл.

Аминта трети бр. 2,
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Се известуваат сите заинтересирани лица дека на ден 17 март 2016 година, со почеток во 10 часот во просториите на Испитниот Центар на ул.Христо Смирненски бр.30 ламела 1, Скопје ќе се одржи полагање на испит за добивање уверение за рибочувар.

За полагање на испитот до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се доставува барање кое содржи:

- Име и презиме на кандидатот, адреса на кандидатот, ЕМБГ, датум и место на раѓање, степен на образование.

Кон барањето за полагање на испитот кандидатот приложува докази за исполнување на следниве услови:
- да е државјанин на Република Македонија и
- да е полнолетен.

Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот.

Средствата за полагање на испитот се уплаќаат на сметката на сопствени приходи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прашањата за полагање на испит за добивање уверение за рибочувар и испит за добивање на уверение за вршење стопански риболов, содржани во јавно достапната база, се објавени на следниот линк http://e-prasanja.mk

Прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата потребни за подготовка за полагање на испитите се:

- Закон за рибарство и аквакултура (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95,12, 164/13, 116/14, 154/15 и 193/15),
- Правилник за големината на рибите под која не смеат да се ловат за стопански и рекреативен риболов (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11 и 57/13),

- Правилник за дозволени риболовни средства и нивната употреба за вршење стопански и рекраетивен риболов ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11 и 57/13),
- Правилник за начинот на обележување на појасот околу рибник ("Службен весник на Република Македонија" бр. 94/09),
- Правилник за начинот на обележување на пловните објекти и пломбирањето и евидентирањето на риболовниот алат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/08),
- Правиник за начинот на вршење на рибочуварска служба, формата и содржината на образецот на легитимацијата за рибочувар, како и начинот на нејзиното давање и одземање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/08) ,
- Правилник за формата и содржината на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов и начинот на нејзино издавање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 162/10),
- Правилник за формата и содржината на образецот на дозволата за рекреативен риболов и образецот за водење евиденција, начинот на водење на евиденцијата и доставување на податоците ("Службен весник на Република Македонија" бр.162/10),
- Риболовни основи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/11, 145/11, 148/12, 18/13, 57/13, 20/15, 35/15 и 225/15) и
- Брошури за укажување на Прва помош.